# ПОДНЕСУВАЊЕ НА ЖАЛБА

Имате право да користите безбедна и квалитетна здравствена нега и да бидете почитувани.  Ако ја искажете вашата загриженост кога тоа не се случува, тогаш ги штитите вашите права и можете да помогнете при подобрувањето на здравствениот систем за сите лица кои живеат во Викторија.



За повеќе информации во врска со вашите права или ако сакате да пополнете формулар за жалба, отидете на **hcc.vic.gov.au**

Телефонирајте на **1300 582 113** меѓу 9 ч. наутро и 5 ч. попладне, од понеделник до петок, за да разговарате за вашата жалба.

HEALTH COMPLAINTS COMMISSIONER



HEALTH COMPLAINTS COMMISSIONER

# ПОДНЕСУВАЊЕ НА ЖАЛБА

Macedonian | Македонски



# ЗА ШТО МОЖАМ ДА СЕ ЖАЛАМ?

Работите за кои можете да се жалите вклучуваат:

- незадоволително лекување
- проблеми при прием во болница или упатување
- лоша комуникација
- недоволно почитување или доверливост
- несовесно или непрофесионално однесување
- погрешно постапување со здравствени податоци.

Можете да поднесете жалба против било која служба која доставува здравствени услуги во Викторија. Тука се вклучуваат јавни или приватни болници, здравствени клиники во заедницата, регистрирани доставувачи на здравствени услуги, на пример доктори и заболекари или нерегистрирани доставувачи на здравствени услуги, на пример, советници и терапевти на алтернативна медицина.

Исто така, жалба можете да поднесете против сите оние што ги поседуваат вашите здравствени податоци, вклучувајќи ги институциите кои не доставуваат здравствени услуги, на пример, училишта и теретани, во врска со начинот на кој постапуваат со овие податоци.

# КАКО ДА ПОДНЕСАМ ЖАЛБА?

Најпрво, треба да ја известите службата што ви нуди услуги за работите што ве загрижуваат. Ако тоа не помогне да се разреши проблемот или ако чувствувате дека не можете да им се обратите за да разговарате за проблемот, обратете ни се за помош.

Секој може да поднесе жалба кај нас преку Интернет, телефон или лично. Ако поднесувате жалба за некое друго лице, прво треба да добиете дозвола за тоа од него/неа.

# ШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ ПОСЛЕ ТОА?

Ние ќе работиме со вас и службата за која се жалите со цел да ги разрешиме проблемите брзо, праведно и ефикасно.

Можеме да ви помогнеме:

- да добиете објаснување што се случило
- да ви се извинат
- да можете да се лекувате
- да имате пристап до извештаи
- да ви ги вратат парите што сте ги платиле или да добиете паричен надомест за претрпената штета/повреда
- да се направат измени во принципите или работата за да се спречи појава на проблеми во иднина.

Исто така, можеме да спроведеме формално истражување и да ја предупредиме јавноста во врска со доставувачи на здравствени услуги кои се опасни.

Нашите услуги се бесплатни, доверливи и праведни.

**Контактирајте не**

За повеќе информации во врска со вашите права или ако сакате да пополнете формулар за жалба, отидете на **hcc.vic.gov.au**

Телефонирајте на **1300 582 113** меѓу 9 ч. наутро и 5 ч. попладне, од понеделник до петок, за да разговарате за вашата жалба.

Посетете не или обратете ни се по писмен пат на следната адреса: Level 26, 570 Bourke Street, Melbourne Victoria 3000

Дали сте глуви, или имате оштетен слух или говор? **relayservice.gov.au**

Дали ви е потребен преведувач? TIS National: **131 450**

Информациите во оваа брошура се од општа природа и не се наменети да се користат како правни совети